РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1670/13
10.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 16-та седница одржана на 10.04.2025 година, во врска со Предлогот бр.03-1678/1 од 09.04.2025 година за поведување прекршочна постапка на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1554/1 од 01.04.2025 на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и утврди дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка – јавна опомена (УП1 бр.03-68 од 25.02.2025г.), не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека на 25 март 2025 година, пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**